**1209.**

Врз основа на член 144 став 2 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 46/93, 55/95 и 10/04), министерот за здравство донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ПЛАНОТ И ПРОГРАМАТА ЗА ПРИПРАВНИЧКИОТ СТАЖ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБРАЗЕЦОТ И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ПРИПРАВНИЧКАТА КНИШКА

### ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат планот и програмата за приправничкиот стаж на здравствените работници со високо образование од областа на медицината, стоматологијата односно фармацијата (во натамошниот текст: здравствени работници) и образецот и начинот на водење на приправничката книшка.

### ПЛАН ЗА ПРИПРАВНИЧКИ СТАЖ

Член 2

Приправничкиот стаж на здравствените работници кој трае една година се спроведува според следниот план:

1. За здравствените работници со завршен медицински факултет:

| | |
|---|---|
| 1) општа медицина: | денови |
| - општа медицина | 60 |
| 2) група интерна медицина | |
| - интерна медицина | 30 |
| - инфективни болести | 20 |
| - пулмофтизиологија | 15 |
| - дерматовенерологија | 10 |
| - невропсихијатрија | 10 |
| - трансфузиологија | 10 |
| 3) група хирургија: | |
| - општа хирургија со трауматологија | 30 |
| - оториноларингологија | 10 |
| - офталмологија | 10 |
| 4) група заштита на жени, деца и младина: | |
| а) акушерство | |
| од тоа: | |
| - диспанзер за жени | 15 |
| - породилиште | 30 |
| б) заштита на деца и младина: | |
| - диспанзер за деца и младина | 30 |
| - стационарно лекување | 15 |
| 5) група превентивна медицина: | |
| - хигиена | 15 |
| - епидемиологија | 15 |
| - медицина на трудот | 15 |
| - социјална медицина со организација на здравствената дејност | 15 |
| 6) судска медицина | 10 |

2. За здравствените работници со завршен стоматолошки факултет:

| | |
|---|---|
| | денови |
| - општа стоматологија | 70 |
| - болести на забите и ендодонтот | 35 |
| - болести на устата и парадонтот | 35 |
| - детска и превентивна стоматологија | 60 |
| - орална хирургија | 45 |
| - максилофацијална хирургија | 20 |
| - ортопедија на вилицата | 30 |
| - стоматолошка протетика | 60 |
| - социјална медицина со организација на здравствената дејност | 10 |

3. За здравствените работници со завршен фармацевтски факултет:

| | |
|---|---|
| | денови |
| а) аптека | 60 |
| б) институти или лаборатории за | |
| - фармацевтска технологија | 45 |
| - испитување и контрола на лекови | 60 |
| - медицинска биохемија | 45 |
| - санитарна хемија | 30 |
| - токсиколошка хемија | 30 |
| - лековити растенија | 30 |
| - фармацевтска хемија | 30 |
| - фармакологија (фармакологија и фармакодинамика) | 20 |
| - социјална медицина и организација на здравствената дејност | 15. |

Член 3

Приправничкиот стаж на здравствените работници кој трае шест месеци се спроведува според следниот план:

1. За здравствените работници со завршен медицински факултет:

| | |
|---|---|
| | денови |
| - примарна здравствена заштита | 30 |
| - интерна медицина | 45 |
| - хирургија | 30 |
| - педијатрија | 45 |
| - гинекологија и акушерство | 30 |

2. За здравствените работници со завршен стоматолошки факултет:

| | |
|---|---|
| | денови |
| - детска и превентивна стоматологија | 30 |
| - фиксна стоматолошка протетика | 30 |
| - мобилна стоматолошка протетика | 30 |
| - орална хирургија | 30 |
| - болести на устата и парадонтот | 30 |
| - болести на забите и ендодонтот | 30 |

3. За здравствените работници со завршен фармацевтски факултет:

| | |
|---|---|
| | денови |
| - аптека со галенска лабораторија | 60 |
| - болничка аптека | 45 |
| - фармако-информатика (фармако-информативен центар, фармацевтски факултет) | 30 |
| - клиничка фармација | 45. |

### ПРОГРАМА ЗА ПРИПРАВНИЧКИ СТАЖ

Член 4

Во текот на приправничкиот стаж здравствениот работник со завршен медицински факултет треба да се оспособи за:

1) во групата примарна здравствена заштита – знаења, клинички вештини, комуникациски вештини и ставови за дијагностика и терапија на оние заболувања што најчесто се јавуваат како и методи на следење на здравствена состојба на населението и факторите на човековата околина, домашно лекување на болен, откривање на проблемите на пациентот и водење на истите, пристап со кој се води сметка за физичките, психолошките, социјалните и емоционалните аспекти на пациентот, оценување на работоспособноста, обезбедување на здравствена заштита на индивидуата во текот на разните фази на животот, промоција на здрављето, основните принципи на превенцијата, лекувањето и рехабилитацијата на пациентите, основните принципи на рационално препишување на лекови и ефикасност од дадената терапија, основните принципи на скрининг програмите, раководење со амбулантите, персоналот и финансиите, планирање на времето и обврските, комуникациски вештини со пациентите за што поефективна консултација, правата на пациентите, основите на медицинската етика и чување на медицинската тајна, основите и методите на континуираниот развој на лекарите, контрола на квалитетот на здравствената заштита и ревизија на истата и работа со софтверот даден од Фондот за здравственото осигурување;

2) во групата интерна медицина – знаења, клинички вештини, комуникациски вештини и ставови од областа на интерната медицина, земање на клиничка историја, поставување на диференцијална дијагноза во физички, психолошки и социјален контекст, распознавање варија-

ции на нормални и почести патолошки процеси од кардиоваскуларниот систем, респираторниот систем, дигестивниот систем, бубрезите и уринарниот систем; препознавање, испитување и специфично испитување на нормални варијации и почести патолошки процеси од нервниот систем (невролошки и психијатриски варијации), варијации на хематолошкиот систем, ендокриниот систем, мускулно скелетниот систем, собирање на лабораториски примероци, препознавање и постапки при итни состојби, разбирање на важноста на доказно заснованата медицина со енпатски и целосен приод кон пациентите, решавање на разни етички проблеми и медицински проблеми, за соопштување на лоши вести и вештини на мултидисциплинарно комуницирање.

3) во групата хирургија – знаења, клинички вештини, комуникациски вештини и ставови од областа на хирургијата; примарната обработка на раните, постапката кај изгоретини, дијагностицирање и основни принципи на лекување на травматизмот на мускулно-скелетниот систем; како и дијагностика на акутни и ургентни состојби во торакалната хирургија, дигестивната хирургија, урологијата, детската хирургија и неврохирургијата; дијагностицирање и терапија на вештини, знаења и сопствени ограничувања, третирање на состојбата на шок и основни принципи на превенцијата и реанимацијата.

4) во групата на педијатрија - базичните вештини на комуникација со децата од сите возрасти со знаења за земање на клиничка историја, диференцијална дијагноза во физички, психолошки и социјален контакт, клинички вештини за специфично системско испитување на сите органски системи кај децата, специфични комуникациски вештини и посебни ставови при што се прикажува енпатски приод, внимание и грижа за децата, едукација за превенција на заболувањата кај детската возраст, активна заштита на децата и младината, здравствено воспитување, грижа за исхраната и вакцинацијата кај децата и младината;

5) во гинекологијата и акушерството-превенција, заштита и третман на жените, вештини кои имаат за цел да превенираат појава на малигни заболувања, рано откривање, терапија и тријажа на почести гинеколошки и сексуално преносливи заболувања со вештини за планирање на семејството и контрацепција, прегледи на бремените жени, препознавање на разни патолошки варијации, водење на нормална бременост и контрола на леунки; препознавање и третман на акутни и ургентни состојби во гинекологијата и акушерството.

Член 5

Во текот на приправничкиот стаж здравствениот работник со завршен стоматолошки факултет треба да се оспособи за:

1) во областа на детската превентивна стоматологија: методи за рано дијагностицирање на денталниот кариес; минимално инвазивни интервенции во детската стоматологија (модификации на класификацијата на кариес и препарационата техника со примена на реставративни материјали со атхезивна способност); современи трендови во естетската реставрација во детска возраст и биоподобностите кои произлегуваат од новите реставрирани материјали; биолошки пристап во создавање на репаративни дентински формации; трауматски повреди на забите; забнопотпорниот апарат и меките ткива во детска возраст (поделба, дијагноза, терапија и судско-медицинско значење, превентива), консултации за избор и примена на превентивни мерки; егзогена промена на флуор профилакса; отстранување на наслаги од забите; контрола на дентален плак; неинвазивно залевање на фисури; интензивно залевање на фисури; стоматолошка едукација во предучилишни и училишни установи и стоматолошка едукација на бремени жени;

2) во областа на фиксната стоматолошка протетика: прием на пациент; административно технички работи, анамнеза; план и терапија со фиксно-протетички изработки; ланирање и клиничка изработка на различни видови на коронки; планирање, припрема и изработка на разни видови мостовни конструкции; планирање и изработка на металкерамички, керамички и некерамички конструкции; клиничка реализација на репаратури и корекции кај фиксно-протетички изработки;

3) во областа на мобилната стоматолошка протетика: прием на пациенти, административно технички работи, анамнеза; план на терапијата со подвижни протези; планирање и клиничка изработка на класични акрилатни парцијални и тотални протези; планирање, припрема и изработка на разни видови на подвижни протези со метална база; планирање и клиничка изработка на покровни протези; планирање и клиничка изработка на имедијантни подвижни протези; клиничка реализација на репаратури и корекции кај подвижни протези;

4) во областа на оралната хирургија: плексус анестезија во горна и долна вилица; спроводни интраорални анестезии во горма и долна вилица (мандибуларна анестезија; тубер анестезија, инфроорбитална анестезија); типични екстракции во горна и долна вилица; поставување сутура; асистирање на хируршки интервенции; контролен постоперативен третман; тераписки третман на постек ектракциски компликации (алвеолитис, тризимус, едем) и екстраорални и интраорални инцизии;

5) во областа на болести на уста и парадонтот: дијагноза; прогноза и план на терапија на пародонталната болест; превенција на пародонталната болест; афтозна болест; вирусни стоматити и дерматози со орална локализација;

6) во областа на болестите на забите и ендодонтот: дијагностицирање на кариозните лезии (со користење на наједноставни и насофистицирани средства и методи); терапија на кариозните лезии; цуперфицијални, медијални и длабоки со употреба на сите видови средства за обтурација на кавитетите; изработка на инлеи по директни и индиректни методи без оглед на употребениот материјал за реконструкција на забот и пружање на прва помош при воспаленија на пулпата.

Член 6

Во текот на приправничниот стаж здравствениот работник со завршен фармацевтски факултет треба да се оспособи за:

1) во областа на основните методи и современи практични пристапи за припрема на фармацевтски форми во услови на неиндустриско производство (производство со мал обем): видови на дозирани форми кои актуелно се препишуваат (прашоци, цврсти дозирани форми, парентерални препарати, раствори, раствори во офтламологија, полуцврсти форми); вештини во фармацевтски пресметки при составување и издавање на фармацевтски препарати со практични примери (единици, мерки, интернационален метрички систем и др.); основни операции во припрема на фармацевтски форми според начелата на Добрата практика во подготовка и др. со практични примери (мерење, растворување, филтрирање, мешање, уситнување, сепарација на фази од систем, изотонизација); основни принципи на стерилизација и подготвување на фармацевтски форми во асептични услови со практични примери; лековити форми-компатибилност и стабилност со практични примери и соодветно пакување; означување и чување на лекови (практични примери); компјутерско означување;

2) во областа на издавањето лекови на рецепт: потапка за прием, изработка и издавање на рецепт; означување на издадени лекови, препораки, предупредувања и слично; контрола и работа со лекови под посебен режим и водење на досие за пациент;

3) во областа на вештини во комуникациите фармацевт-пациент: фармацевтски совети; едукација на пациент и професионална одговорност на фармацевт; општ водич за советување на пациент (пред прием и кога се

издава рецепт; процена на пациент и др.); советување пациент за правилна и соодветна примена на лекови во болнички и домашни услови; составување на досие за лекови за пациент; запознавање со медицинско досие; совети за избор на лекови кои се на режим на издавање без рецепт; дијагностички тестови (за бременост, мерење на крвен притисок, индикаторски ленти за гликоза, злоупотреба на опојни дроги и др.) и улога на фармацевт во обезбедување на лекови и медицински материјали;

4) во областа на користењето на објективни и евалуирани извори на информации за лекови: способност за користење и работа со основни извори на информации за лекови (фармакопеи, регистри); користење на бази на податоци и евалуирање на информации; софтверски пакети за пресметки во поставување на дозажен режим; примена на медицина базирана на докази и фармација базирана на докази при припрема и издавање на лекови; обезбедување и информации, сугестии за фармацевтски и терапевтски аспекти на лекови при избор на дозажен режим и соодветна терапија; поставување (дизајнирање) на дозажен распоред за постигнување на максимален ефект со миминални несакани ефекти; несакани ефекти на терапија со лекови (предвидливи и непредвидливи) и улога на фармацевт во намалување на инциденца на несакани реакции како и предвидување и/или рано распознавање на несакани симптоми; улога на фармацевт во обезбедување на современи, објективни и евалуирани информации за лекови и запознавање со вообичаени кратеници во медицинска терминологија (дијагнози, латински кратенки, синоними и др.);

5) во областа на клиничката фармацевтска пракса: следење на терапија кај хоспитализирани пациенти; Добра клиничка практика, поставување, пресметување и оценување на дозажен режим кај хоспитализирани пациенти; практични примери кај педијатриски пациенти, постара возрасна група, пациенти со бубрежна и хепатална инсуфициенција; определување и следење на концентрација на лекови во телесни течности-начела за безбедна и ефикасна употреба на лекови; тераписки листи-практични примери, пресметки од изотонизација при специфични состојби и заболувања; клиничка примена на радиофармацевтски препарати; парентерална исхрана (тотална парентерална исхрана) и труења со лекови (суицидни, медицински или случајни).

## ОБРАЗЕЦ И НАЧИН НА ВОДЕЊЕ НА ПРИПРАВНИЧКА КНИШКА

### Член 7

Приправничкиот стаж кој здравствените работници го вршат според планот утврден во член 2 и 3 на овој правилник се запишува во приправничка книшка на образец број 1 кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Книшката за приправничкиот стаж на здравствените работници со завршено високо образование е со правоаголна форма во големина 15 х 20 см. Со корици изработени од тврда бела хартија и содржи 20 страници.

На првата надворешна страница во средина на горниот дел стои грбот на Република Македонија, под него текст: „Република Македонија", под него со големи букви „Книшка за приправнички стаж на здравствен работник со завршено високо образование".

На втората внатрешна страна од корицата е одбележано место за фотографија 4,5 см. х 6 см., а под него место за своерачен потпис на зравствениот работник.

На горниот дел од првата страница од книшката во редови стојат податоци за здравствениот работник: име, татково име, презиме, дата, место, општина и држава на раѓање, завршено образование со дата и место на завршување, број на диплома, дата на започнувањето на приправничкиот стаж, здравствена установа во која започнува да се врши приправничкиот стаж, а под него од десната страна место за округли печат на здравствената установа со потпис на заверувачот-менторот.

На долниот дел од првата страница од книшката стојат податоци: датата на завршувањето на приправничкиот стаж, името на здравствената установа во која е завршен приправничкиот стаж и место за округли печат и потпис на заверувачот-менторот.

На втората страница во ширина се исцртани пет графи поделени во два дела. Во потесниот дел од првата графа стои текст: „Здравствена установа", под него во втората графа стои текст: „Гранка на медицината, стоматологијата, фармацијата, односно област од здравствената заштита или друга област", под него во третата графа стои текст: „Стажот го поминал/а од ______ до ______", под него во четвртата графа стои текст: „Резултат од стекнатите знаења, вештини и ставови на здравствениот работник" и под него во петтата графа место за округли печат на здравствената установа со потпис и факсимил на заверувачот-менторот.

Наредните страници до 20-тата се печатат со иста содржина како и втората страна опишана во став 7 од овој член.

Претпоследната внатрешна страна и последната надворешна страна од корицата се празни.

### Член 8

Здравствената установа во која се спроведува приправничкиот стаж (во натамошен текст: здравствена установа) врши распоред на здравствените работници, за нив води посебна евиденција и обезбедува услови за изведување на практичната обука од приправничкиот стаж.

Пред отпочнувањето на вршење на приправничкиот стаж, здравствениот работник во здравствената установа од став 1 од овој член поднесува приправничка книшка заедно со заверен преипис или заверено фотокопие од диплома.

Во приправничката книшка менторот ги внесува податоците за здравствениот работник и ја заверува со свој потпис и со печат на здравствената установа.

### Член 9

При спроведувањето на секој дел од планот на приправничкиот стаж во соодветната работна единица од здравствената установа менторот го запишува отпочнувањето на приправничкиот стаж според планот и програмата во приправничката книшка, а го заверува со својот потпис и факсимил и со печат на здравствената установа при завршувањето на соодветниот дел од стажот.

### Член 10

Приправничкиот стаж по правило се врши без прекин.

Во случај на отсуство поради болест и повреда, спреченост од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, како и повик од надлежен орган, вршењето на приправничкиот стаж се прекинува и продолжува по завршувањето на случајот.

### Член 11

Во приправничката книшка се запишува датата на почнувањето и завршувањето на стажот по делови што ги заверува здравствената установа во која здравствениот работник го врши стажот.

Во делот од приправничката книшка предвиден за запишување на податоците за практичната обука на здравствениот работник, здравствената установа внесува податоци за името и седиштето на установата, организационите единици и времетраењето на приправничкиот стаж.

Во делот предвиден за опис на практичната обука, менторот внесува податоци за работите кои здравствениот работник ги запознал преку обуката според програмата, по истекот на времето предвидено за практичната обука запишува опис за стекнатите практични знаења и го заверува со свој потпис и факсимил и со печат на здравствената установа.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 12

Здравствените работници кои го започнале приправничкиот стаж пред денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/04) стручниот испит ќе го полагаат согласно овој правилник ако поминатиот стаж не отстапува од планот и програмата пропишани со овој правилник.

Член 13

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за приправничкиот стаж и за стручниот испит на здравствените работници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/92, 61/94 и 48/01) во делот кој се однесува на планот и програмата за приправничкиот стаж на здравствените работници со високо образование и образецот и начинот на водење на приправничката книшка.

Член 14

Овој правилик влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-7296/1
20 септември 2004 година
Скопје

Министер за здравство,
д-р **Реџеп Сељмани,** с.р.

Образец бр. 1

Република Македонија

**КНИШКА ЗА ПРИПРАВНИЧКИ СТАЖ НА ЗДРАВСТВЕН РАБОТНИК СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ**

КОРИЦА

(фотографија)

______________________________
(своерачен потпис)

ВНАТРЕШНА СТРАНА НА КОРИЦАТА

Име ______________________________
Татково име ______________________________
Презиме ______________________________
Дата на раѓање ______________________________
Место и општина ______________________________
Република ______________________________
Дипломирал/а на ден ______________
Во ______________________________
Репулика ______________________
Бр. на диплома ______________________
Дата на започнувањето на приправничкиот стаж ______________

______________________________________________
/здравствена установа во која започнува да се врши приправничкиот стаж/

/МП/ ЗАВЕРУВА:

______________________
Ментор

Дата на завршување на приправничкиот стаж ______________

______________________________________________
(здравствена установа во која е завршен приправничкиот стаж)

/МП/ ЗАВЕРУВА

______________________
Ментор

Стр. 1

| Здравствена установа | Гранка на медицината, стоматологијата, фармацијата, односно област од здравствената заштита или друга област | Стажот го поминал од ______ до ______ | Резултат од стекнатите знаења, вештини и ставови на здравствениот работник /описно/ | Потпис на лицето што ја извршило проверката и печат |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

Стр. 2 - 20

---

**1210.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/1992), на седницата одржана на 9 септември 2004 година, донесе

## О Д Л У К А

1. Се укинува Одлуката за платите, надоместоците и другите материјални трошоци на градоначалникот и функционерите избрани од Советот на општина Ѓорче Петров бр. 08-46/1 донесена од Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на општина Ѓорче Петров на седницата одржана на 22 јануари 2001 година (“Службен гласник на град Скопје“ бр. 3/2001).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

3. Уставниот суд на Република Македонија по иницијатива на Јовица Јовевски од Скопје со решение У. бр. 112/2004 од 8 јули 2004 година поведе постапка за